## Извештај со квалитативните информации за оперативниот ризик

| Реден број | Елементи од системот за управување со оперативниот ризик | Опис |
|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* |
| 1 | Политика за управување со оперативниот ризик | Банката има воспоставено солидна **Рамка за управување со оперативниот ризик**, во согласност со регулаторните барања и усогласена на групациско ниво, со цел оптимално справување со оперативниот ризик. Рамката за управување со оперативниот ризик е применлива во сите деловни активности и организациски единици на Банката. Рамката за управување со оперативен ризик е интегрален дел од Рамката за управување со ризици и е усогласена со Стратегијата за ризик и капитал на СБ и Рамката за прифатливо ниво на ризик на СБ (RAF-Risk Appetite Framework).<br>Рамката за управување со оперативниот ризик ги опфаќа следниве Политики:<br>- Политика за самооценување на ризик и контрола<br>- Политика за управување со настани од оперативен ризик<br>- Политика за клучни индикатори за ризик<br>- Политика за мапирање на бизнис линиите за утвдување на капитал потребен за покривање на оперативниот ризик.<br>Оперативниот ризик е дефиниран како ризик од загуба поради несоодветни или слаби внатрешни процеси, лица, системи во банката и надворешни настани.<br>**Политика за самооценување на ризик и контрола**: Воспоставувањето на оваа Политика е со цел Банката да го идентификува и процени нивото на изложеност на оперативен ризик и да го управува на проактивен начин. Со ова се става акцент на систематска идентификација и ефикасно ублажување на потенцијалните изложености на оперативен ризик. За таа цел е воспоставен континуиран, повторувачки процес на самооценување на ризикот и контролата, а опсегот се протега на сите деловни линии со учество на вработени кои се назначени за спроведување на активностите. Проценката на ризикот вклучува проценка на веројатноста да се материјализира одреден ризичен настан и неговото проценето влијание што овозможува рангирање на идентификуваните ризици. По идентификацијата и проценката на ризиците се прават акциски планови за нивно санирање или ублажување. Резултатие од процесот се агрегираат, се користат при креирање на профили за оперативен ризик на различни нивоа од организациската структура, а извештаите се доставуваат до соодветните нивоа на менаџментот на СБ.<br>**Политика за управување со настани од оперативен ризик**: СБ става акцент на систематска идентификација, категоризација, собирање, евидентирање, ажурирање, управување и известување за внатрешни настани на оперативен ризик. Настан од оперативен ризик претставува манифестација на оперативен ризик, без разлика дали настанала загуба или добивка. Настаните имаат директно и/или индиректно влијание/последици и се класифицираат како финансиски и нефинансики со влијание врз бизнисот или угледот на Банката. Собирањето и анализата на податоци за настани се користи како инпут за останатите компоненти на Рамката за управување со оперативен ризик (Самооценување на ризик и контрола и Клучни индикатори на ризик). Собирањето на настани е независен и континуиран процес иницииран во рамките на одделните организациони единици на Банката, од кои се очекува точно и доследно да ги пријавуваат сите настани во времето на нивното појавување и да управуваат со нив до затворањето. Секторот за управување со ризици ги прегледува пријавените податоци за настаните, нивната конзистентност, комплетност и категоризација, ја консолидира, одржува и обработува базата на податоци за настани. Секој настан од оперативен ризик се мапира во соодветен тип на ризик согласно Таксономијата на СБ за оперативни ризици и во соодветна деловна линија. Извештаите за настани од оперативен ризик, месечно се доставуваат со соодветните органи на управување на Банката. Преку точно и ефикасно известување се овозможува соодветно донесување на одлуки од страна на менаџментот на СБ и се воспоставува свест за оперативниот ризик низ целата организација.<br>**Политика за клучни индикатори на ризик**: Со воспоставувањето на оваа Политика е со цел идентификување и квантифицирање на нивото на изложеност на оперативен ризик, како и неговата промена со текот на времето. Клучните ризични индикатори се коефициенти кои даваат сигнали за рано предупредување за откривање на потенцијални ризици и ранливости во активностите на Банката. Сите индикатори имаат воспоставени прагови, кои ако се надминат алармираат за потенцијално значајна промена во изложенаста на ризик. Одговорните лица во одделните организациони единици ги доставуваат вредностите на клучните ризични индикатори, а по нивното поднесување се врши проверка на квалитетот и соодветноста. Процесот на следење на индикаторите одредува што се случува, кога е прекршен праг, каква акција треба да се преземе и од кого. Известувањето за клучните ризични индикатори му помага на менаџментот на СБ за воочување на трендовите што можат негативно да влијаат врз постигнувањето на целите на Банката. Извештаите се користат за идентификување на моменталната изложеност на ризик и новите трендови на ризик. |
| 2 | Систем на известување | **Системот на известување за оперативниот ризик** е редовна активност која овозможува релевантните информации за оперативните ризици соодветно да се дистрибуираат на сите хиерархиски нивоа на Банката. Цел на системот за известување е да обезбеди поддршка на процесот на донесување на одлуки и проактивно управување со оперативниот ризик, како и да обезбеди исполнување на регулаторните барања и деловните цели. Клучните цели на процесот на известување за оперативниот ризик се следниве:<br>- Да обезбеди соодветно известување за профилот и изложеноста на оперативен ризик на Банката, осигурувајќи се дека е во согласност со апетитот за ризик<br>- Да обезбеди соодветни информации според потребите на секој прималел за да помогне во нормалниот тек на работењето и во процесот на донесување на одлуки<br>- Да му овозможи на Управниот Одбор да ја процени ефикасноста на Рамката за управување со оперативниот ризик<br>- Да овозможи следење на профилот на ризик на Банката и идентификување на можните отстапувања<br>- Да обезбеди усогласеност со регулаторните барања за известување. |
| 3 | Методологија за утврдување на капиталот | Стандардизиран пристап за утврдување на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик |
| 4 | Останати податоци | |